**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## за поднесување барање за посетување на почетна обука за проценувачи за процена на вредноста на средствата во земјоделството

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат условите за посетување на почетна обука за овластен проценувач, да поднесат барање за посетување на **почетна обука за проценувачи на вредноста на средствата во земјоделството.**

Согласно член 10 од Законот за процена посетувањето на почетната обука од соодветната област за процена е еден од задолжителните законски услови за полагање на испитот за овластен проценувач.

Кандидатите кои имаат интерес за посетување на почетна обука од наведената област на процена треба да поднесат барање до архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или по пошта на адреса ул.Јуриј Гагарин бр.15 – Скопје.

1.Барањето (исклучиво во печатена форма) треба да содржи:

- Име и презиме на барателот и точна адреса на живеење;
- Телефон за контакт (фиксен, мобилен) и електронска адреса (Е-маил адреса);
- Уплатница (образец ПП/50) за уплатени парични средства за трошоци на обуката во износ од 5.000,00 денари;

  Назив на примачот: Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство;
  Банка на примачот: НБРМ;
  Трезорска сметка: 100000000063095;
  Сметка на буџетски корисник: 140010028063119;
  Приходна шифра и програма: 725930 10;
  Цел на дознака: обука за процена од областа на земјоделството.

2. Кон барањето во прилог се доставува:

- копија од лична карта,
- доказ за завршено високо образование и

- доказ за најмалку пет години работно искуство во обласtа на процена или материјално, сметководствено и финансово работење.

3. Корисниците на социјална помош се ослободени од плаќање на трошоците за почетната обука со доставување на потврда за корисник на социјална помош, која неможе да биде постара од 15 дена од денот на објавувањето на Известувањето.

4. Надоместокот за трошоците за почетната обука за лица кои повеќе од шест месеци се невработени, изнесува 1500 денари, за што е потребно да се достави потврда за невработеност која неможе да биде постара од 15 дена од денот на објавувањето на Известувањето.

5. За точниот датум, времето и местото на одржувањето на почетната обука кандидатите ќе бидат известени на нивната Е-маил адреса.

6. Известувањето ќе биде објавено и на Веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанство: www.mzsv.gov.mk.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**